Врз основа на член 68, 69, 70 и 71 од Законот за занаетчиство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 215/2015), министерот за економија донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА НАЧИНОТ НА ДАВАЊЕ/ОДЗЕМАЊЕ НА ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за давање/одземање на јавни овластувања за извршување на задачите утврдени во член 68 од Законот за занаетчиство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 215/2015) на Занаетчиските комори.

Член 2

Јавното овластување на Занаетчиските комори за извршување на задачите утврдени во член 68 од Законот за занаетчиство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 215/2015), Министерството за економија го дава/одзема со Решение на предлог од Комисијата за доделување, одземање и контрола на вршење на јавните овластувања.

Образецот на решението од став 1 на овој член се објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страната на Министерството за економија.

Член 3

Министерството за економија за издадените/одземени овластувања води и ажурира евиденција во која се внесуваат податоци за: број и дата на издавањето/одземање на решението за јавно овластување, податоци за примателот на овластувањето и опфат на овластувањето.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.___________

__________2022 година

Скопје

Министер за економија,

**Крешник Бектеши**, с.р.